Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Донесувајте безбедни одлуки за време на невреме



## Гледајте и слушајте ги предупредувањата за времето

Гледајте и слушајте ги предупредувањата за невреме издадени од метеоролошкото биро, вклучувајќи **Предупредувања за големо невреме** и **Предупредувања за силни грмотевици**.

SES на Нов Јужен Велс ќе издаде **совет „Гледајте и дејствувајте“** или **Предупредување за вонредни ситуации**. Нивото на предупредување зависи од влијанието и очекуваните последици од невремето.

Овие предупредувања ќе се појават на апликацијата **Hazards Near Me**.



## Дејствувајте безбедно

1. Прицврстете ги или отстранете ги неприцврстените предмети во вашиот двор или на балконот, на пример, трамбулини, чадори, маси и столови, и чинии за храна за домашни миленици.
2. Паркирајте ги автомобилите под сигурна покривка (гаражи, натстрешници) подалеку од дрвја, електрични жици и ниски области.
3. Погрижете се вашите деца и домашни миленици да бидат внесени внатре на безбедно.




## Следете ги локалните временски услови

Погрижете се вашите соседи, семејството и пријателите да се запознати со најновите предупредувања.

Слушајте го вашето локално радио и телевизија за најновите вести за времето.

Следете ги сите совети од службите за вонредни ситуации.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Донесувајте безбедни одлуки за време на невреме

## Останете безбедни дома

- Останете внатре, подалеку од врати и прозорци.
- Размислете дали да возите или патувате во текот на невреме.



## Бидете безбедни ако возите

1



Возете побавно и според условите.

2



Застанете за да побарате засолниште на безбедно место, по можност подалеку од дрвја, електрични жици и ниски области.

3




Проверете ја апликацијата **Live Traffic** и слушајте ги најновите известувања на вашата локална радио станица.

## Бидете безбедни надвор

- Јавете се на SES на Нов Јужен Велс на 132 500 ако ви треба итна помош или на три нули (000) ако сте во ситуација опасна по животот.
- Најдете безбедно засолниште, по можност во затворен простор.
- Останете подалеку од одводи и проточни води.
- Останете подалеку од дрва, електрични жици и други предмети кои можат да паднат или да разлетаат при ветер.
- Бидете свесни за ризикот од гром и избегнувајте надворешни активности кои можат да ве изложат на ризик.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES